**Миладина Монова (Бугарија)**
**Институт за истражување на општествата и знаењето**
**Бугарска академија на науките**
**е-маил: miladina.monova@gmail.com**

## ВОВЕДЕН ТЕКСТ:

## ПРОМЕНЛИВИ ЕКОНОМИИ И ПРОМЕНЛИВИ ОПШТЕСТВА ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛНИОТ КАПИТАЛИЗАМ: ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

Овој посебен број се однесува на човечките економии и начинот на кој поединците, семејствата и заедниците наоѓаат свои решенија да се справат со ограничувањата на неолибералниот капитализам. Презентирани се шест оригинални студии од млади истражувачи што работат во Северна Македонија, Бугарија, Грција и Полска, со акцент на економијата на домаќинствата, производството, економскиот живот во руралните и урбаните средини и миграцијата. Сексуалните работници, илегалните производители на тутун, семејствата што се самопретприемачки во сферата на руралниот туризам, производители на храна, луѓе од урбаните средини што замислуваат поудобен живот во романтичните села, како и продавачи на пазарот инвестираат по нешто во нивното претприемаштво, ако не и сè што може да се дефинира како нивен семеен капитал: труд, земја, куќа и пари.

Три децении по падот на берлинскиот ѕид, ваквите општества веќе не можат да се разберат во рамките на постсоцијалистичката аналитичка рамка, онаа што честопати се користи во анализите за постулирање на еднолинеарниот модел на транзиција од социјализам во капитализам. Всушност, капитализмот е веќе воспоставен систем, а остатоци од социјализмот на некои нивоа, поверојатно, побрзо ќе се пронајдат во големите западни демократии отколку во повеќето поранешни комунистички земји. А сепак, во постсоцијалистичкиот контекст, како и на друго место, луѓето пренесуваат нешто од своето минато секојпат кога ќе се обидат да го избришат и отвораат нови можности и начини на размислување секојпат кога тврдат дека со нетрпение се сообразуваат со капитализмот.

Овој посебен број е, сепак, помалку фокусиран на континуитетите со минатото отколку на создавањето на неолибералниот капитализам и

неговата постепена „доместикација“ (Креда, Тошева овде) во последните 30 години. Една цела генерација е родена, порасната и денес одгледува деца во источноевропски капиталистички контекст. Студијата што се однесува на Грција, „стара“ капиталистичка земја, укажува на процеси што се неверојатно слични на оние анализирани во студиите на случај од постсоцијалистички земји.

Иако во овој специјален број студиите на случај се презентирани речиси паралелно, земени заедно, тие сугерираат еден компаративен пристап кон општествената вграденост на неолибералниот капитализам наспроти вообичаената поделба на „старите“ капиталистички и „постсоцијалистичките“ капиталистички општества. Впрочем, анализите на овие општества во трансформација покажуваат вграденост на економијата во општествените односи и истовремено овозможуваат увид во некои изненадувачки блиски траектории на променливи норми и вредности. Истовремено, економијата е и општествена институција и идеолошко средство. Насекаде, економската сфера е во интеракција со државата, сродството, религијата и политиката.

Потпирајќи се врз богат етнографски материјал, Црвенковска Ристеска дава детален опис на економијата во заедницата на „сестрите“ – сексуални работници Роми во Скопје. Играјќи различни родови улоги („и на маж и на жена“), тие придонесуваат не само за себе и за нивните семејства туку и за поголемата заедница и за продолжување на обредниот живот во соседството. Нивната легитимност делумно потекнува од посебната социјална организација што ја создале – сестринството што функционира како симболичен систем на сродство. Миграцијата како главна карактеристика во неолиберализмот е тука од особено значење. За сексуалните работници во Скопје, моќта и престижот најмногу се стекнуваат со долготрајната илегална миграција во западните земји, каде што „сестрите“ ги „зајакнале“ своите „сексуални знаења“ и вештини. „Постарата сестра“ е најпочитувана во сестринството, таа ја игра улогата на лидер, а нејзината должност е да им даде засолниште на другите, да го води заедничкиот буџет и да организира забави каде што се разменуваат знаења меѓу најмладите и поискусните.

Влијанието на земјоделските политики на ЕУ и начинот на кој семејствата вклучени во претприемачки потфат се приспособуваат на неолиберализмот се третираат во две оригинални етнографии. Без разлика дали строго ги следат правилата на државата и институциите на ЕУ (Тошева) или свесно ги престапуваат (Јанакопулос), самопретприемачките домаќинства негуваат заеднички идеал за самодоверба, мотивирани од смесата на желбата за приспособување кон неолибералниот свет и еластичноста. Јанакопулос го истражува случајот на семејствата во еден мал град во Грција што решиле да се вратат на одгледувањето тутун,

старата култура во оваа област, и оттогаш започнале нелегална трговија низ целата земја. Со тоа тие дејствуваат против политиките на ЕУ и строго ги предизвикуваат државните и локалните власти, кои избрале досега да го игнорираат нелегалното производство. За овие семејства, непријавеното производство и недозволената трговија се повеќе од егзистенцијална стратегија – тие реферираат на поими како што се права и морал, со идеја за самоувереност врамена како израз на нивната лична слобода.

Студијата на Тошева се однесува на случајот на едно бугарско семејство што ги губи речиси сите свои имоти по запишувањето во програмата на ЕУ за поддршка на мали туристички бизниси. Тие создале семеен хотел откако договориле голем банкарски заем со цел да ги исполнат условите за програмата. Но, бугарскиот фонд што ја спроведувал програмата локално одбил да ги поддржи, и семејството завршило во голем долг. На крајот, двајца мажи од семејството мигрирале во Англија. Тие заработуваат пари како работници мигранти, го враќаат заемот на бугарската банка и се надеваат дека ќе ја вратат целата сопственост врз хотелот, олицетворение на нивниот идеал за самодоверба.

Низ пристапот одгоре надолу, Станчева прашува како глобалните идеи за одржливост се примени од селските домаќинства вклучени во глобалниот проект на НВО Слоу фуд. Слично како и другите соработници, таа покажува како, во сегашниот политички и економски контекст, селските семејства не можат да заработат за живот само од туризмот и од земјоделското производство. И покрај напорите на меѓународната фондација за промовирање и видливост на локалните култури и специјалитети за храна, нивниот маркетиншки пристап тешко може да му помогне на земјоделството да постигне одржливост без активна поддршка од државата и од институциите на ЕУ.

Неисполнувањето на очекувањата на целните заедници се должи и на неолибералната логика на државните приоритети во интересите на надворешните чинители (донатори и невладини организации), кои ги зајакнуваат локалните политички и економски елити релативно исклучени од остатокот на населението. Оправдувачките наративи меѓу локалните претставници на НВО се особено впечатливи. Од една страна, тие ги обвинуваат „селаните“ за „заостанатост“ и „конзервативизам“, а, од друга страна, признаваат колку е тешко „да се мотивира народот“ со идеи за одржливост кога „малите луѓе не постојат за државата“.

Димитрова ги проучува урбаните елити што сакаат да се населат на перманентна основа во рурален амбиент. Актерите на овој прилично неодамнешен феномен се млади и добростоечки поединци што се гледаат себеси како активни актери на руралниот економски развој. Повеќето информатори ги прават своите први чекори во нивниот проект за нов

живот. Ова олеснување на животниот стил исто така почива врз одредена идеја за одржливост според која урбанитите носат богатство и нови вештини како одговор на локалните потреби. Наративите од Полска покажуваат несовпаѓања помеѓу урбаниот идеал за руралноста и преродбата преку одржливоста и разновидноста на неочекуваните проблеми со кои се соочуваат приврзаниците на ова движење додека го откриваат селскиот живот.

Во последната статија, Венков го опишува комплексот економски систем на централниот пазар во Софија, обликуван преку интеракцијата на производителите, трговците и потрошувачите. Неговата анализа ја потенцира вградливоста на економијата во политиката, укажувајќи, особено, како променетите идеологии го трансформирале урбаното место низ историјата, сѐ до неолибералниот пресврт по падот на социјализмот. Во моментов, неолибералната идеологија се обидува да ја искорени специфичната социјалност на пазарот како место каде што луѓето од различно потекло, од различни социјални нивоа и етнички групи се среќаваат и се во интеракција. И покрај овие напори, мигрантите и бегалците, кои се присутни тука од 2014 година, наоѓаат свои начини да истражат нови пазарни нишки што ги поврзуваат старите и новите учесници.

Како заклучок, веруваме дека овој посебен број ја осветлува динамиката на глобалниот капитализам, приближена од нејзината нова, релативно неистражена периферија. Исто така, се надеваме дека ќе му понудиме на читателот разбирање, секако делумно, за тоа што значи да се вклучат локалните неолиберални области на економскиот живот од гледна точка на луѓето што се борат да заработат за живеење и во исто време да создадат нови форми на заедништво.